# ISCC - Изјава на места кои создаваат отпад - користено масло за јадење (UCO)

| **Информации за местото со отпад (нпр. ресторан, угостителски објект и сл.):** | | |
|---|---|---|
| Име | | |
| Улица, број | | |
| Поштенски код, место | | |
| Земја | Република Северна Македонија | |
| Телефонски број | | |
| Местото со отпад произведува пет (5) или повеќе метрички тони користено масло за јадење месечно[1] | | ☐ |
| Користеното масло за јадење во местото со отпад е целосно или делумно од животинско потекло[2] | | ☐ |
| Примач на користените масла за јадење (точка на собирање) | Сунbackленс ДООЕЛ, ул. Качанички пат бр. 140, Скопје, Р.С. Македонија | |

**Со потпишување на оваа изјава, потписникот потврдува дека:**

1. Користеното масло за јадење (UCO – Used Cooking Oil) се однесува на масла или маснотии од растително или животинско потекло кои биле користени за подготовка на храна за исхрана на луѓето. Доставата на користено масло за јадење спомената во оваа изјава целосно се однесува на користено масло за јадење, кое не се меша со други масла или маснотии кои не ја задоволуваат дефиницијата на користено масло за јадење.
2. Користеното масло за јадење наведено во оваа изјава ја задоволува дефиницијата за отпад. Ова значи дека под користено масло за јадење се подразбира материјал што местото со отпад го отстранува или има намера или мора да го отстрани и дека користеното масло за јадење не е намерно модифицирано или контаминирано за да се задоволи оваа дефиниција.
3. Достапни се документи за количините на доставеното користено масло за јадење.
4. Се почитува важечкото национално законодавство за отстранување отпад и управување со отпад (нпр. во врска со транспортот, надгледувањето и сл.).
5. Ревизорите на телата за сертификација или ISCC (евентуално придружени од претставник на местото за собирање) можат да проверат на лице место, нпр. преку контактирање со потписникот (нпр. телефонски) дали информациите содржани во оваа изјава се точни. Ревизорите од сертификациски органи може да бидат заедно со инспектори кои ги надгледуваат нивните активности.
6. Информациите содржани во оваа изјава може да се предадат на телото за сертификација на местото за собирање и да се проверат од нивна страна, како и од ISCC. Сертификацискиот орган и ISCC ги третираат сите податоци содржани во оваа изјава како доверливи и нема да ги откријат на трети страни освен ако постојат правни обврски, официјални или судски наредби или барања на Европската Комисија кои се однесуваат на ISCC EU за да ги откријат на трети страни.
7. Ако ревизиите на сертификациски органи или ISCC откријат дека соодветните барања на ISCC не се почитуваат или дека наводите дадени во оваа изјава не се точни, и ако местото на потекло во продолжение биде исклучено како доставувач на сертифициран ISCC материјал. ISCC има право да ја објави исклученоста на местото на потекло на веб страната на ISCC.

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| место, датум | целосно име, функција на потпишувачот | потпис |

[1] 5 (пет) метрички тони користено масло за јадење е приближно 5,4 (пет запирка четири) кубни метри/5435 (пет илјади четиристотини триесет и пет) литри/1436 (една илјада четиристотини триесет и шест) галони

[2] Ако ова поле е обележано, се претпоставува дека користеното масло за јадење произведено од местото со отпад е (барем делумно) од животинско потекло (нпр. со употреба на маст, путер, лој, итн.) и дека местото за собирање отпадно масло за јадење не може да го продаде како „исклучиво од растително потекло“. Ако ова поле не е обележано, тоа значи дека местото со отпад користи само растително масло (на пример, масло од репка или сончогледово масло) и не употребува масло или масноти од животинско потекло за готвење или пржење.
**Забелешка**: Растително масло кое се користело за готвење или пржење месо и затоа содржи неизбежен дел од животинско потекло, сепак може да се класифицира како „користено масло за јадење исклучиво од растително потекло“.

Во случај на каква било противречност помеѓу англиската верзија и преводот на овој документ, англиската верзија има предност и е обврзувачка за страните вклучени во оваа изјава.

In the event of any conflict between the English language version and the translated version of this document, the English language version shall apply and be binding upon the parties involved in this self-declaration.